0201-
31.05.2016
Скопје

Точка 2/3,
26-ти Годишен состанок на Генералното Собрание, 31/05/2016

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговски друштва како и член 36 од Правилникот за котација на Македонската берза, Годишното Генерално Собрание на акционерите на ОКТА АД – Скопје на својот 26-ти состанок одржан на 31.05.2016 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за определување на износот на дивиденда за 2015 година и датуми за плаќање

Член 1

Согласно Одлуката за распределба на нето добивката за 2015 година, остварена во годишната сметка на ОКТА АД - Скопје за годината која заврши на 31 декември 2015 година, дивиденда во бруто износ од 73 денари по акција ќе биде дистрибуирана на акционерите.

Акционерите на ОКТА ќе бидат известени за предложениот износ на дивиденда преку Јавен повик за свикување на Годишното собрание на акционери на ОКТА.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Член 2

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2015 година е 14.06.2016.

Член 3

Првиот датум на тргување без право на дивиденда за 2015 година е 15.06.2016.

Член 4

Датумот на кој се определува листата на акционери со право на дивиденда за 2015 година ќе се утврди врз основа на Акционерската книга на 20.06.2016 во 16:00 часот.

Член 5

Исплатата на дивиденда за 2015 година ќе започне од 25.07.2016.

Член 6

Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

Годишно Генерално Собрание на Акционери
Претседавач